Северна Македонија
Меѓуопштински центар
за социјална работа Штип
08 1348/1
13.12 2023 год.

Република Северна Македонија
**Министерство за труд и социјална политика**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Punës dhe Politikës Sociale**

Сертификација
МКС EN ISO/IEC 17021
CT - 009
Certification

ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Штип

**Врз основа на член 193 од Законот за социјалната заштита (104/19...65/23) и член 32, 33, 34, 35, 36 и 37 од Статутот на ЈУ МЦСР Штип бр. 01-752 од 25.06.2019 година Директорот објавува:**

# **Ј А В Е Н   П О В И К**
## **за формирање на Советот на корисници**

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип врз основа на чл. 34 од Статутот на ЈУ МЦСР Штип објавува јавен повик за формирање на совет на корисници.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови утврдени со чл. 34 став 1 од Статут на ЈУ МЦСР Штип според кој за член на совет на корисници може да биде избрано лице:

- корисник на права или услуги од надлежност на установата
- родител/старател на лице корисник на права или услуги од надлежност на установата
- лице кое не е осудено со правосилна судска пресуда
- лице на кое не му е одземено родителското право
- државјанин на Република Северна Македонија

При поднесување на апликацијата лицето односно кандидатот кој се јавува на јавниот повик треба да ги достави следниве документи:

- потврда дека е корисник на право или услуга или потврда дека е родител или старател на лице корисник на права или услуги од надлежност на установата
- потврда за неосудуваност
- потврда дека не му е одземено вршењето на родителското право
- Кратка биографија
- Мотивационо писмо
- Државјанство

Советот на корисници е составен од 5 до 7 члена.

Мандатот на членовите на советот на корисници трае 4 години.

Република Северна Македонија
**Министерство за труд и социјална политика**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Punës dhe Politikës Sociale**

Сертификација
МКС EN ISO/IEC 17021
CT - 009
Certification

-ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Штип

На член на совет на корисници мандатот може да му престане и пред истекот, доколку го изгуби статусот на корисник на право или услуги од надлежност на установата и по негово барање.

Надлежности на советот на корисници се:

- предлага програми за подобрување на работата и стандардите на установата
- предлага член на Управен одбор од редот на своите членови
- дава предлози и мислења до директорот и управниот одбор за други прашања што се од интерес за корисниците и установата.

Рабодатата на советот на корисници се регулира со деловодник за работа на совет на корисници.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува пет работни дена сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на јавниот повик (не сметајќи го денот на самото објавување).

В.Д. Директор
Виктор Ѓоргиевски